## Политика за сигурност на информативниот систем на Нет-Бит

Информацијата независно од формата во која се наоѓа (пишувана, говорна, печатена, ел. облик, и др.) претставува основно средство за работа, и поради тоа е потребно соодветно да се заштити. Информациите заедно со останатите компоненти на кои тие се разменуваат (луѓе, средства, опрема, простории) го сочинуваат информативниот систем на Нет-Бит.

Директорот на Нет-Бит ја донесе оваа Политика за сигурност заради заштита информативниот систем на Нет-Бит од најразлични закани (злоупотреби, компјутерски измами, шпионажа, хакерски напади, вируси, поплави, пожари, земјотреси и сл.). Политиката за сигурност ќе обезбеди:

- деловен континуитет,
- минимизирање на штетните настани,
- максимален поврат на инвестициите и
- подобрување на имиџот.

Директорот на Нет-Бит е директно одговорен да обезбеди јасна и конкретна поддршка во спроведувањето на Политиката за сигурност и да ја следи нејзината примена во секојдневното работење преку делегирање одговорности и воспоставување соодветна организациона поставеност. За таа цел Директорот на Нет-Бит именува Одговорно лице за сигурност на информативниот систем и членови на одбор за сигурност. Нивните улоги и задачи се регулирани со посебен акт на Нет-Бит.

За задоволување на поставената цел, неопходно е да се превземат мерки и имплементираат сигурносни контроли за заштита и обезбедување на трите основни начела за сигурност на информативниот систем:

- Доверливост – заштита на информациите од неовлстено разоткривање и пристап.
- Интегритет – обезбедување на точност и комплетност на информациите и информативните средства.
- Расположливост – обезбедување на овластените корисници пристап до информациите и информативните системи секогаш кога за тоа имаат потреба.

За да ги реализираме наведените начела, воспоставуваме Систем за управување со сигурноста на информативниот систем, кој ги обезбедува следните функции:

- Усогласување со казненото и граѓанското право, статутарните, законските или договорните обврски и меѓународните стандарди кои воспоставуваат или имаат сигурносни барања.
- Едукација на сите корисници на информативниот систем на свесност за сигурносните закани по деловното работење и потребата за заштита на информациите и воедно ги како да се грижат за сигурноста на информативниот систем и да се придржуваат на нејзините цели и начела во секојдневното работење.
- Спроведување на соодветни проверки при секоја промена на статусот на вработените согласно со политиката за засновање и раскин на работен однос.
- Евидентирање на целокупната опрема и средства на информативниот систем на Нет-Бит и редовно ја ажурираме секоја промена со цел да не се дозволи неовластено оттуѓување, кражба, присвојување, злоупотреба или изнесување на средствата.
- Анализа на ризиците поврзани со средствата на информативниот систем и вршиме проценка на влијанијата по работењето при воведување нов продукт, услуга, средство, и сл.

- Воспоставување на систем на класифицирање, означување, чување и користење на информациите со цел да не се дозволи неовластен пристап, кражба, злоупотреба, уништување или промена на нивната содржина.
- Оневозможување на внесување или користење на непроверена или нелегална програмска опрема во компјутерските информативни системи, упади и неовластен пристап до информациите и информативните средства, загуба, оштетување или неовластено модифицирање на информациите, прекин на деловните процеси, кражба или злоупотреба на информациите и средствата за процесирање на информациите. Ова се однесува и на клиентите до чии информативни системи и средства вработените во Нет-Бит имаат пристап.
- Обезбедување на соодветно ниво на сигурност на информациите и информативните средства во сите организациони делови преку воспоставување сигурносни зони со контролиран и ограничен физички пристап.
- Континуитет на критичните деловни процеси во случај на недостапност на информативните системи, во разумен и прифатлив временски рок, преку развој, имплементирање и тестирање на планови за континуитет во работењето.
- Преку редовно следење, известување и пријавување на човечките грешки, дефекти, штети, сигурносни инциденти или неовластени активности, постојано учиме и се усовршуваме и на тој начин ги намалуваме последиците од откриените и прикриените закани за сигурност на информациите и информативните средства.

Во насока на поддршка на оваа Политика за сигурност, креирани се дополнителни документи, политики, правилници, процедури и упатства кои се дел од Системот за управување со сигурноста на информативниот систем на Нет-Бит. Обврска на сите вработени е да го познаваат, почитуваат и да се придржуваат кон Системот за управување со сигурноста на информативниот систем на Нет-Бит. Секое негово нарушување или непочитување претставува директна опасност и загрозување на сигурноста на информациите, вработените, клиентите и угледот на фирмата, и е предмет на понатамошни дисциплински и кривични постапки.

Со редовните годишни и по потреба вонредни контроли на почитувањето на воспоставените правила и мерки од страна на внатрешни и надворешни ревизии обезбедуваме усогласеност на информативниот систем со Политиката за сигурност и меѓународните стандарди (BS 7799-2:2002, ISO/IEC 17799:2005 ISO/IEC 27001, итн.) и вршиме нејзино константно подобрување.

Скопје, 01.05.2008